Влада на Република Северна Македонија
ЦЕНТАР ЗА УПРАВУАЊЕ СО КРИЗИ
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР

# ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТА НА ОДДЕЛЕНИЕТО ЗА ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР ВО ЦЕНТАРОТ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КРИЗИ ЗА ПЕРИОДОТ ЈАНУАРИ-ЈУНИ 2022 ГОДИНА

| | | | |
|---|---|---|---|
| Дел. Бр. | | | Стојанче Ангелов<br>[име и презиме] |
| Датум: | | | Директор<br>[функција / звање на раководител на инспекциска служба] |
| Место: | Скопје | (м.п.) | <br>[потпис] |

Резиме

Во Годишниот план за работа на Одделението за инспекциски надзор за периодот јануари-јуни 2022 година, посебно место заземаат активностите поврзани со непосреден инспекциски надзор во работата и постапувањето на националните установи и служби и други државни органи, единиците на локалната самоуправа (општините), органите на општините и Градот Скопје,ТД и јавните претпријатија. Инспекциските надзори во овие субјекти на надзор, согласно закон, се спроведуваат од страна на Одделението за инспекциски надзор при Центарот за управување со кризи. Инспекциските надзори имаат двојна функција, односно контролна и едукативна.

Согласно резултатите од работата во периодот јануари – јуни 2022 година, при инспекциските надзори не е констатирано неприменување на прописите од страна на субјектите, согласно утврдениот ризик од  Процедурата на работен процес на инспекцискиот надзор на Центарот за управување на кризи.

Бројот и структурата на вработените во Одделението за инспекциски надзор во ова полугодие е идентична како и во Годишниот план за  2022 година.

Во овој период, според Годишниот план за работа, биле предвидени да се реализираат 143 инспекциски надзори, , и истите се реализирани.

Во првото полугодие реализирана е работилница за предлог-измените во Правилникот за формата и содржината на извештајот за работа на инспекциската служба за претходните шест месеци и на годишниот извештај за работана инспекциските служби и  обуката на кандидатот за советник инспектор за управување со кризи., не е реализирана ниту една специјализирана или генеричка обука за инспекторите и административните службеници во Одделението за инспекциски надзор.

За Одделението за инспекциски надзор за периодот од јануари-јуни 2022 година, предвидени се од буџетот на ЦУК  60.000 денари.

ЦУК како орган работи според Законот за управување со кризи и согласно истиот и другите позитивни прописи е обврзан за извршување на работи и работни задачи на национално ниво.

Зацртаните цели и планови во овој период се целосно остварени.

## Управување со ризици

Управувањето со ризици за 2022 годинИ е направено согласно новите критериуми ии според новата Методологија за процена на ризиците при планирањето на инспекциските надзори, изработена во согласност со ЗИН, е разгледана и одобрена од Инспекцискиот совет на 219-та седница, одржана на 3.6.2021 година.

Во шестмесечниот период јануари-јуни 2022 година, Одделението за инспекциски надзор, при инспекциските надзори, нема констатирано неприменување на прописите од страна на субјектите, согласно утврдениот ризик во Процедурата на работен процес на инспекцискиот надзор на Центарот за управување на кризи.

Во установите во кои се спроведени инспекциски надзори, направена е контрола на почитувањето на одредбите од Законот за управување со кризи, со цел увид во спроведувањето на овој закон и другите прописи од областа на управувањето со кризи за намалување на ризиците како и превентивно делување.

Состојбата во дефинираните ризични области покажува промена во насока на подобрување. Имено, кај субјектите на инспекциски надзор подобрено е планирањето на системот за управување со кризи во делот на организацијата и функционирањето, одлучувањето и употребата на ресурсите, комуникацијата, координацијата и соработката, процена на загрозеноста на безбедноста на Републиката, планирањето и финансирањето и други прашања.

## Организација и раководење

Во првото полугодие на 2022 година, реализирана е работилница за предлог-измените во Правилникот за формата и содржината на извештајот за работа на инспекциската служба за претходните шест месеци и на годишниот извештај за работана инспекциските служби и обуката на кандидатот за советник инспектор за управување со кризи., не е реализирана ниту една специјализирана или генеричка обука за инспекторите и административните службеници во Одделението за инспекциски надзор.Со Одделението за инспекциски надзор раководи советник инспектор со решение за вршител на должност.

Во првото полугодие на 2022 година, бројот и структурата на вработените во Одделението за инспекциски надзор е идентична како и во Годишниот план за 2022 година, односно нема пензионирања на инспектори, ниту пак се вработени нови кандидати за инспектори (Дополнителна табела 1). Во овој период кандидатот за советник инспектор го положи испитотот за стекнување со лиценца, по што ќе биде вклучен во вршење на инспекциски надзори во вториот дел на 2022 година.

Дополнителна табела 1 Структура на инспектори кои вршеле инспекциски надзор во периодот јануари-јуни 2022 година

| Име и презиме | Звање и назив на работно место | Степен на образование | Години на старост |
|---|---|---|---|
| Гоце Топковски | советник инспектор (В1) | VII-1 | 41 |
| Драгомир Митев | Советник инспектор (В1) | VII-1 | 59 |

Табела 1 Преглед на бројот на инспектори кои вршеле инспекциски надзор во периодот јануари – јуни 2022 година, по вид, возраст и звање

| Вид | Инспектор за управување со кризи | | | | | | Вкупно инспектори | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Ниво-Звање/Возраст | <30 г. | 31-40 г. | 41-50 г. | 51-60 г. | >60 г. | Вкупно | <30 г. | 31-40 г. | 41-50 г. | 51-60 г. | >60 г. | Вкупно |
| Б1 – генерален инспектор | | | | | | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Б2 – главен инспектор | | | | | | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Б3 – пом. главен инспектор | | | | | | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Б4 – виш инспектор | | | | | | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| В1 – советник инспектор | | | 1 | 1 | | 2 | 0 | 0 | 1 | 1 | 0 | 2 |
| В2 – самостоен инспектор | | | | | | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| В3 – помошник инспектор | | | | | | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| В4 – помлад инспектор | | | 0 | | | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 1 |
| Вкупно | 0 | 0 | 1 | 1 | 0 | 2 | 0 | 0 | 1 | 1 | 0 | 2 |

Табела 2 Преглед на нови вработувања и пензионирања на инспектори во периодот јануари – јуни 2022 година

| Вид | Инспектор за управување со кризи | | | Вкупно инспектори | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Ниво-Звање/Возраст | Враб. | Пенз. | Разлика | Враб. | Пенз. | Разлика |
| Б1 – генерален инспектор | | | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Б2 – главен инспектор | | | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Б3 – пом. глав. инспектор | | | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Б4 – виш инспектор | | | 0 | 0 | 0 | 0 |
| В1 – советник инспектор | | | 0 | 0 | 0 | 0 |
| В2 – самостоен инспектор | | | 0 | 0 | 0 | 0 |
| В3 – помошник инспектор | | | 0 | 0 | 0 | 0 |
| В4 – помлад инспектор | | | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Вкупно | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |

## Инспекциски надзор

Според Годишниот план за работа за 2022 година, во овој период биле предвидени да се реализираат 143 инспекциски надзори, , а степенот на реализација во ова полугодие е 100%, односно реализирани се сите 143 инспекциски надзори.

Инспекциски надзори во овој период по реони се :

- Скопски регион реализирани се 31 инспекциски надзори, сите редовни (Општини 3 ,  ЈУ 18, ЈК 2 и ТД 6 )
- Источен регион реализирани се 23, сите се редовни инспекциски надзори (Општина 4, ЈУ13, ЈК 4 и ТД 2 )

- Пелагониски регион реализирани се 9 инспекциски надзори, сите се редовни (Општини 1, ЈК 1 и ЈУ 7)
- Североисточен регион реализирани се 13 инспекциски надзори, сите се редовни (Општина, 1, ЈКП 1, ТД 1 и ЈУ 10 )
- Вардарски регион реализирани се 28 инспекциски надзори, сите се редовни (Општина 6, ЈКП 5, и ЈУ 17 )
- Југозападен регион реализирани се 13 инспекциски надзори, сите се редовни (Општина 3, ЈКП 2, и ЈУ 8 )
- Полошки регион реализирани се 13 инспекциски надзори, сите се редовни (Општина 2 и ЈУ11 )
- Југоисточен регион реализирани се 12 инспекциски надзори, сите се редовни (Општина 1, ТД 2 и ЈУ 9 )

Ваквиот распоред по реони е поради динамичкиот план, планот за надзори, Годишниот план за 2022 година, финансиските средства за овој период за фискалната година и други објективни причини.

Табела 3 Преглед на вкупниот број на откриени неправилности и спроведени инспекциски надзори според вид во полугодието, по региони и општини

| Ред.Бр. | Регион/Општина | Вид на надзор | | | Вкупно надзори | Вкупно неправилн. |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Редовен надзор | Вонред. надзор | Контрол. надзор | | |
| | Вардарски регион | 28 | 0 | 0 | 28 | 0 |
| 1 | Велес | 3 | | | 3 | |
| 2 | Градско | | | | 0 | |
| 3 | Демир Капија | 3 | | | 3 | |
| 4 | Кавадарци | 3 | | | 3 | |
| 5 | Лозово | 3 | | | 3 | |
| 6 | Неготино | 7 | | | 7 | |
| 7 | Росоман | 4 | | | 4 | |
| 8 | Свети Николе | 5 | | | 5 | |
| 9 | Чашка | | | | 0 | |
| | Источен регион | 23 | 0 | 0 | 23 | 0 |
| 10 | Берово | | | | 0 | |
| 11 | Виница | 4 | | | 4 | |
| 12 | Делчево | 4 | | | 4 | |
| 13 | Зрновци | 3 | | | 3 | |
| 14 | Карбинци | | | | 0 | |
| 15 | Кочани | | | | 0 | |
| 16 | Македонска Каменица | 6 | | | 6 | |
| 17 | Пехчево | 3 | | | 3 | |
| 18 | Пробиштип | | | | 0 | |
| 19 | Чешиново | | | | 0 | |
| 20 | Штип | 3 | | | 3 | |
| | Југозападен регион | 13 | 0 | 0 | 13 | 0 |
| 21 | Вевчани | | | | 0 | |
| 22 | Дебар | 3 | | | 3 | |

| Ред.Бр. | Регион/Општина | Вид на надзор | | | Вкупно надзори | Вкупно неправилн. |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Редовен надзор | Вонред. надзор | Контрол. надзор | | |
| 23 | Дебарца | | | | 0 | |
| 24 | Кичево | 3 | | | 3 | |
| 25 | Македонски Брод | 3 | | | 3 | |
| 26 | Охрид | | | | 0 | |
| 27 | Пласница | | | | 0 | |
| 28 | Струга | | | | 0 | |
| 29 | Центар Жупа | 4 | | | 4 | |
| | Југоисточен регион | 12 | 0 | 0 | 12 | 0 |
| 30 | Богданци | | | | 0 | |
| 31 | Босилово | | | | 0 | |
| 32 | Валандово | | | | 0 | |
| 33 | Василево | | | | 0 | |
| 34 | Гевгелија | 6 | | | 6 | |
| 35 | Дојран | | | | 0 | |
| 36 | Конче | 3 | | | 3 | |
| 37 | Ново Село | | | | 0 | |
| 38 | Радовиш | | | | 0 | |
| 39 | Струмица | 3 | | | 3 | |
| | Пелагониски регион | 9 | 0 | 0 | 9 | 0 |
| 40 | Битола | | | | 0 | |
| 41 | Демир Хисар | 3 | | | 3 | |
| 42 | Долнени | | | | 0 | |
| 43 | Кривогаштани | | | | 0 | |
| 44 | Крушево | | | | 0 | |
| 45 | Могила | | | | 0 | |
| 46 | Новаци | | | | 0 | |
| 47 | Прилеп | 6 | | | 6 | |
| 48 | Ресен | | | | 0 | |
| | Полошки регион | 13 | 0 | 0 | 13 | 0 |
| 49 | Боговиње | 2 | | | 2 | |
| 50 | Брвеница | | | | 0 | |
| 51 | Врапчиште | | | | 0 | |
| 52 | Гостивар | 7 | | | 7 | |
| 53 | Желино | | | | 0 | |
| 54 | Јегуновце | | | | 0 | |
| 55 | Маврово и Ростуша | | | | 0 | |
| 56 | Теарце | 1 | | | 1 | |
| 57 | Тетово | 3 | | | 3 | |
| | Североисточен регион | 14 | 0 | 0 | 14 | 0 |
| 58 | Кратово | 4 | | | 4 | |
| 59 | Крива Паланка | | | | 0 | |
| 60 | Куманово | 7 | | | 7 | |
| 61 | Липково | | | | 0 | |
| 62 | Ранковце | | | | 0 | |
| 63 | Старо Нагоричане | 3 | | | 3 | |
| | Скопски регион | 31 | 0 | 0 | 31 | 0 |

| Ред.Бр. | Регион/Општина | Вид на надзор | | | Вкупно надзори | Вкупно неправилн. |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Редовен надзор | Вонред. надзор | Контрол. надзор | | |
| 64 | Аеродром | 8 | | | 8 | |
| 65 | Арачиново | | | | 0 | |
| 66 | Бутел | | | | 0 | |
| 67 | Гази Баба | 4 | | | 4 | |
| 68 | Ѓорче Петров | 3 | | | 3 | |
| 69 | Зелениково | | | | 0 | |
| 70 | Илинден | 4 | | | 4 | |
| 71 | Карпош | 2 | | | 2 | |
| 72 | Кисела Вода | | | | 0 | |
| 73 | Петровец | | | | 0 | |
| 74 | Сарај | | | | 0 | |
| 75 | Сопиште | | | | 0 | |
| 76 | Студеничани | | | | 0 | |
| 77 | Центар | 10 | | | 10 | |
| 78 | Чаир | | | | 0 | |
| 79 | Чучер-Сандево | | | | 0 | |
| 80 | Шуто Оризари | | | | 0 | |
| ВКУПНО | | 143 | 0 | 0 | 143 | 0 |

## Обука на инспекторите и административните службеници

Во периодот јануари – јуни 2022 година, реализирана е работилница за предлог-измените во Правилникот за формата и содржината на извештајот за работа на инспекциската служба за претходните шест месеци и на годишниот извештај за работана инспекциските служби и обуката на кандидатот за советник инспектор за управување со кризи за стекнување на лиценца., не е реализирана ниту една специјализирана или генеричка обука за инспекторите и административните службеници во Одделението за инспекциски надзор.

Сепак, во овој период непречено се спроведува обуката за стекнување со лиценца на кандидатот за советник инспектор за управување со кризи, при што е целосно реализиран како и дел од практичната обука во Одделението за инспекциски надзор во овој период советникот-инспектор се стекна со лиценца и во следниот период ќе биде вклучен во инспекциските надзори во вториот дел на 2022 година.

## Буџет и финансирање

За Одделението за инспекциски надзор за периодот од јануари до јуни 2022 година предвидени се од буџетот на ЦУК 60000,00 денари од кои се искористени се сите предвидени сретсва само има остапување на горивото поради зголемување на цените на горивата и затоа -2940 денари е надминато салдото што беше предвидено за овој период.

Платите на инспекторите за управување со кризи, се предвидени во Буџетот на Центарот за управување со кризи.

Предвидените финансиски средства за реализирање на работата и инспекциските надзори на Одделението за инспекциски надзор, ги задоволиле потребите.

Дополнителна табела 2 Преглед на реализација на буџетот во периодот јануари-јуни 2022 година

| Реден број | Вид на трошок | Предвидено | Реализирано | Салдо |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Гориво | 42600 | 52500 | -9900 |
| 2 | Телефон | 2400 | 2400 | 0 |
| 3 | Патарина | 9000 | 8040 | 960 |
| 4 | Ноќевање | 6000 | 0 | 6000 |
| 5 | Вкупно | 60000 | 62940 | -2940 |

Согласно организационата поставеност, Одделението за инспекциски надзор е во состав на Секторот за правни, општи работи и инспекциски надзор, и како такво а согласно решението за внатрешна распределба на буџетот на ЦУК не може да има и да биде корисник сопствен буџет.

## Меѓународна соработка

Одделението за инспекциски надзор нема соработка со меѓународни институции во овој период.

ЦУК како орган работи според Законот за управување со кризи и согласно истиот и другите позитивни прописи е обврзан за извршување на работи и работни задачи на национално ниво.

## Други активности на инспекциската служба

Покрај редовните обврски кои одземаат 80% од работното време за вршење на инспекциски надзор, инспекторите дополнително вршат и други работни задачи кои одземаат 20% од работното време во рамките на Центарот за управување со кризи, вклучувајќи:

- Учество во Работната група за давање мислење и согласност по оперативни планови од субјектите во системот за управување со кризи,
- Архивско работење,
- Комисија за спроведување на оценувањето на административни службеници.

## Заклучоци и препораки

Зацртаните цели и планови во овој период се остварени во целост.